**ЗАПИСНИК**
**од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 24.02.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АВМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Весна Симоновска, Ивана Никиќ, Димитар Тануров, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.02.2022 година.
2. Предлог-одлука за отпис на застарени побарувања и обврски од сметководствената евиденција на Агенцијата.
3. Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година.
4. Информација за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2022 година.
5. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга-Одржување на кафемати.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Ајдини го усвои Записникот од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.02.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за отпис на застарени побарувања и обврски од сметководствената евиденција на Агенцијата. Наведе дека ќе даде вовед, додека подетални информации може да даде раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ. Станува збор за побарувања и обврски што се постари од 6 години. Во однос на побарувањата објасни дека во тој период бил во тогашниот Совет за радиодифузија и во еден период вработените кои што ги користеа услугите на компанијата која што беше избрана да дава услуги за службена мобилна телефонија имаа право да користат приватни линии. Од таа причина Советот за радиодифузија добиваше една целосна фактура која што во тоа време на вработените за приватните линии или им се одбиваше од плата или сами си ја плаќаа обврската. За побарувањата на наведените колеги од 795,00 денари, 31.557,00 денари и 271,00 денар Агенцијата има добиено фактура од операторот но Агенцијата тие пари не ги уплатила бидејќи најверојатно ги уплатиле колегите бидејќи и после повеќе поминати години од тогаш наваму АВМУ ниту има добиено опомена ниту пак има добиено тужба од операторот дека тие средства не се уплатени и затоа се предлага да бидат отпишани бидејќи реално тие не постојат. Што се однесува до обврските тие се постари и посочи дека ќе ги образложи раководителот Радуновиќ.

Г-дин Петрушевски рече очигледно е дека се работи за техничка грешка затоа што колегите немаат ништо згрешено.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека за обврските кои што се предлог на отпис се обврска на физичко лице кое што е ангажирано со договор на дело од страна на Агенцијата меѓутоа обврските кои што требал да ги исполни за износот кој што е наведен не ги исполнил и од таа причина воопшто договор по тој основ не е исплатен. Во вториот случај се работи за фирмата која што беше сопственик на просторот што тогаш Советот за радиодифузија го имаше под закуп за деловен простор. Агенцијата им плаќаше за закуп на деловен простор и се израмнуваше со платените сметки за струја и вода, и тогаш остана овој дел од 12.708,00 денари кои фирмата ги одобри но остана како обврска дека Агенцијата треба да ги плати, а никогаш не требала да ги плати заради тоа што немало никаква основа. Од таа причина предлогот е да се отпишат и да ги нема во побарувањата. За вториот случај рече дека објаснил директорот, колегите сами си поднеле приговори и се усвоени од страна на операторот.

Г-дин Петрушевски појасни дека оваа Одлука не ја носи Советот туку дава одобрување директорот на Агенцијата да ја донесе која е дадена во прилог на материјалите по точката.

Г-дин Ајдини рече дека и нему му било малку нејасно во врска со отпишувањето на тие средства. Пред седницата се слушнал со раководителот Радуновиќ кој детално му објаснил за што се работи. Наведе дека не е во ред некому името да му стои дека должи 700-тини денари или 200 денари. По објаснувањето од директорот сега сè му е јасно и ќе гласа за да се одобри предлогот.

Г-дин Петрушевски рече дека искрено и нему не му било јасно, а верува и на другите членови на Советот, но по објаснувањето е појасно и не треба да стои како црна точка на колегите за толку малку пари.

Г-дин Трајчев рече дека и тој бил зачуден, па и фрапиран од целата ситуација да има долг за мали пари, но по објаснувањето малку му е појасно. Убеден е дека било кој да бил информиран навремено ова ќе го решел, бидејќи се ситни работи. Дилемата му е ако некој на Агенцијата и фактурирал повисока сума а таа сума треба да ја плати некој друг, зошто се книжи на Агенцијата како побарување од некое лице. Како што објаснил раководителот Радуновиќ тие си плаќале лично самите кон операторите, зошто се книжи како побарување од Агенцијата, тогаш не треба да се книжи, тоа е однос помеѓу операторот со нив или евентуално можеби треба цесија да има за тоа плаќање ако е платено од нивна страна или треба да има конфирмација од страна на операторот дека е намирено од некој друг. Во овој дел не му е јасно како ова се води сметководствено за да Советот донесе таква одлука.

Раководителот Радуновиќ објасни дека тогашните фактури се водеа на име на Агенцијата, иако се работеше и за корисници за приватни мобилни телефони. И корисниците заради тоа сами поднесуваа приговор заради тоа што точно се знаеше од кого е и за која услуга се работело. Објасни дека во ниедна конфирмација која што ја доставувале со години наваму тие средства не стојат како обврска на Агенцијата кон нив.

Г-дин Трајчевски објасни дека станува збор за Советот за радиодифузија не за АВМУ, тоа е договор што е потпишан некаде 2011 година, две или три годишен договор, каде што некој има службен телефон и плус има уште 3 или 4 приватни телефони а фактурата доаѓаше на име на Советот за радиодифузија а останатите приватни услуги си ги плаќаа самите вработени. Реално Агенцијата нема обврски спрема операторот бидејќи овие вработени си ги платиле сметките. Како пример објасни дека можеби во фактурата стои за месец март 2011 да се плати 100 илјади денари, а е платено без тие 31.557,00 денари од приватните услуги. Со новите договори за мобилна телефонија таквата пракса се прекина, кој што сакаше приватна услуга за мобилна телефонија си склучуваше приватно договори а на сметката на Агенцијата се фактурираа услугите само за службените мобилни телефони.

Г-дин Трајчев рече ако кај операторот ова е затворено, практично нема побарување кон Агенцијата тогаш Агенцијата не треба да има побарување. Прашањето му е дали е правилно долгот да се отпише или воопшто да не постои како побарување затоа што Агенцијата нема долг кон операторот. Побара раководителот Радуновиќ тоа да го објасни од правен аспект.

Раководителот Радуновиќ рече дека затоа и предлогот е да се отпише бидејќи Агенцијата нема никаков долг и да не стојат во билансите.

Г-дин Трајчев праша дали тоа треба да се направи со отпишување или едноставно да се коригира?

Раководителот Радуновиќ одговори дека мора да има одлука за да може да се коригира. Тој не смее лично самостојно да го тргне долгот без таков донесен акт.

Г-дин Фиданоски рече дека самиот тек на дискусијата даде уште подобро објаснување. Прашањето на г-дин Трајчев е во ред и објаснувањето е добро. Она што го напоменал г-дин Трајчевски, колку што се сеќава имаше еден период каде што тој има работено, каде што можеше да се земе фамилијарен круг преку правниот субјект каде што работиш, при што службениот мобилен телефон ќе биде платен од правниот субјект а сите останати услуги се заведуваат на име на вработениот и практично сам го подмирува долгот бидејќи се третираат како приватни мобилни. Претпоставува дека ова е таа логика сега што станува збор и потоа како пракса е најверојатно после напуштено. Затоа смета дека објаснувањето е коректно од Радуновиќ, дека мора да се отпишат и во иднина воопшто да не се водат како некаков документ.

Г-дин Петрушевски рече дека овие настани се случиле пред 8-9 години, стоеле така во евиденција и Радуновиќ со право сака да ги тргне и да не се провлекуваат секоја година во пописот. Смета дека предлогот е во ред и дека треба да дадат одобрување директорот да си ја донесе одлуката, бидејќи никој не е оштетен и нема минус пари.

Г-дин Трајчев рече дека побарал објаснување од Радуновиќ како експерт во оваа област дека правниот начин е на овој начин, со отпис, дека нема сметководствено друг начин да се коригира. За него малку му е чудна ситуацијата од правен аспект, но ако е така, не го разбира книжењето како оди, тоа му било битно да се потврди дека е така.

Раководителот Радуновиќ објасни дека единствениот начин е тој, за секоја сметка што се сака да се тргне или на актива или на пасива, мора да има документ во писмена форма освен доказите кои се во прилог.

Г-дин Трајчевски рече дека ќе даде еден практичен пример. На пример за било кој месец во годината се добива 95 илјади денари месечно, услуги за мобилна телефонија. Кога би била праксата како порано, би имале можеби сметка од на пример 200 илјади денари од кои 95 илјади денари би биле на Агенцијата од фактурата за службени мобилни телефони, а останатите 105 илјади денари би требало да ги платат вработените кои што користат приватни мобилни телефони. Така било и тогаш. Во тоа време Агенцијата има добиено фактура со поголем износ, но платила минус овие суми кои што се наведени за тројцата колеги. Има влезна фактура со вкупна сума со трите суми кои што се наведени. Тогаш таков бил договорот потпишан колку што се сеќава со операторот ОНЕ. Тоа е реалноста, се добила фактура, не е платен целиот износ, платен е минус овие наведени суми. Бидејќи не знаеме дали тројцата колеги платиле или не платиле, или тоа го коригирале кај операторот, сега Агенцијата мора ова да го отпише.

Г-дин Јанчески рече дека крунски доказ би бил одговорот од операторот дека АВМУ не му е должна ништо. Не знае дали Агенцијата има комуникација со операторите или само врз основа на информациите од овие лица дека го платиле долгот, односно дека поднеле приговор и слично. Праша дали има нешто повратно од операторот, бидејќи тоа би било крунски доказ и се дава за право да се направи отпис. Јасно му е дека така биле направени тогашните договори, меѓутоа дали има комуникација со операторот или наследникот на операторот, ако е сменет, или не?

Г-дин Трајчевски објасни дека компаниите поднесуваат тужба за побарување после 3 години, а овде станува збор за период подолг од 6 години. Ако имало

побарување, ако сметале дека Агенцијата должи на операторот, Агенцијата сигурно ќе добиела тужба до сега. И ова побарување е застарено.

Раководителот Радуновиќ информира дека Агенцијата има кон операторот доставено конфирмација и за оваа година. Во таа конфирмација која што ја потврди операторот и што е доставена до Советот со потпис и печат од нив, се наведени само тие долгови кои ги должиме и што ќе ги каже во завршната сметка подоцна, односно за фактури кои што се од 12-ти месец 2021 година. Операторот потврдил дека Агенцијата му ги должи само тие пари и ништо повеќе од тоа. Истото е и за конфирмација од минатата година, и за пред минатата година со истата компанија со која сме имале договор.

Г-дин Јанчески констатира дека тогаш е чиста ситуацијата.

Г-дин Петрушевски рече дека разговарале од сите аспекти иако сумите се мали и како што виделе чиста е ситуацијата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука со која се отпишуваат од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) нејзините обврски кон:

- физичко лице, по основ на договор за ангажирање на надворешен соработник од 19.05.2008 година, во износ од 61.000,00 (шеесетиеднаилјада) денари, претставен на Аналитичките картички (бр.261002 и бр.1984171), и
- правното лице, по основ на издадена влезна Фактура бр.15-2006 од 19.12.2006 година, за закуп на деловен простор, во износ од 12.708,00 (дванаесетилјадииседумстотинииосум) денари, претставен на Аналитичките картички (бр.220000 и бр.1984080).

Се отпишуваат од сметководствената евиденција на АВМУ нејзините побарувања, по основ на пречекорувања на телефонски сметки за користење на службени мобилни телефони, од следните физички лица и тоа:

- поранешен заменик на претседателот на Советот на АВМУ (поранешен Совет за радиодифузија на РМ), побарување од 2014 година во износ од 795,00 (седумстотинидеведесетипет) денари, претставен на аналитичките картички (бр.26050 и бр.1605158)
- поранешен член на Советот на АВМУ (поранешен Совет за радиодифузија на РМ), побарувања од 2012 и 2013 година, во вкупен износ од 31.557,00 (триесетиеднаилјадаипетстотинипедесетиседум) денари, претставен на аналитичките картички (бр.26050 и бр.1605155) и
- вработена во Стручната служба на АВМУ, побарување од 2015 година во износ од 271,00 (двестеседумдесетиеден) денар, претставен на аналитичките картички (бр.26050 и бр.1605166),

кои износи не се платени од страна на АВМУ кон операторот (дավател на услугата).

Отписот на наведените обврски се врши заклучно со периодот до 31.12.2021 година.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски објасни дека ќе ја образложи Предлог-одлуката за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година, а потоа на прашања ќе одговора раководителот Радуновиќ. Наведе дека минатата година вкупните приходи на АВМУ изнесуваа 119.867.984,00 денари. Овие приходи се остварени врз основа на основите кои што ги има Агенцијата за да добива средства од приходи односно од Буџетот на РСМ за изборните активности во 2021-ва, потоа финансиски средства од Буџетот на РСМ заради укинувањето на наплатата за радиодифузна такса, од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување, приходи од транзитни фактури, а се мисли на фактурите кои Агенцијата ги издава на Агенцијата за млади и спорт и Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, од курсни разлики и приходи од тендерска документација. Од друга страна вкупните расходи на Агенцијата изнесуваат 82.820.566,00 денари или разликата помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи е малку пониска од 37 милиони денари и отприлика има остварено вишок на средства од 600 илјади денари. Во сите овие вкупни трошоци што се наведени спаѓаат и трошоците што ги имаше Агенцијата како донација за автобуската несреќа во која што загинаа 45 македонски граѓани и некои беа повредени како и донацијата што ја даде Агенцијата за опожарените лица во тетовската болница. Деталните објаснувања ги има во доставените материјали за завршната сметка. Како многу важен го наведе фактот дека сите расходи се во рамките на расходите кои што се предвидени во Финансискиот план за 2021 година и нема отстапување по ставки во однос на тоа како се потрошени средствата.

Г-дин Петрушевски рече дека како што видел финансиската состојба на Агенцијата изгледа стабилно. Би сакал, иако не знае до кога ќе останат во составот на Советот на Агенцијата, да ја оставаат финансиската состојба да биде добра како сега. Тоа би било успех за нив, како и досега да не се прават непотребни трошоци, да работат максимално домаќински. Тоа е заслуга на директорот, вработените и на Советот на Агенцијата. Се надева дека оваа состојба ќе остане и во наредните 2-3 години, иако финансиската состојба е се полоша и полоша, и покрај тоа што се даде една голема значајна сума со првата донација за радиодифузерите од 1.7 милиони евра. Се изјасни дека ќе ја поддржи завршната сметка.

Г-дин Ајдини рече дека го анализирал извештајот, нема забелешки, но сака да спореди некои бројки. Како што се гледа од страна на Буџетот на државата се предвидени за Агенцијата околу 117.805.800,00 денари а регулаторот до сега добил како што е наведено во материјалите околу 79 милиони и 200 илјади денари. Тоа значи дека е во минус околу 38 милиони и 605 илјади денари и покрај тоа се гледа дека во приходите во 2021-ва во однос на вкупните расходи се поголеми за околу 37 милиони денари. Тоа значи дека Агенцијата во поглед на Финансискиот план функционира добро и тоа придонесува за успешно реализирање на законските обврски. Наведе дека поради ваквото домаќинско работење како што рекол и г-дин Петрушевски е заслуга на директорот, вработените и на Советот на Агенцијата. Од таа причина рече дека ќе го поддржи извештајот.

Советот на Агенцијата едногласно го прифати Извештајот за годишна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година бр.05-735/1 од 22.02.2022 година и донесе Одлука за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година.

Согласно член 19 од Законот за сметководството за непрофитните организации, годишната сметка се доставува до Управата за јавни приходи и до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар до крајот на месец февруари наредната година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето информира дека усвоениот Извештај и одлуката ќе се достават до Собранието на РСМ.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2022 година. Објасни дека е доставена фактура што треба Агенцијата да ја плати за членството во Европската платформа на регулаторни тела – ЕПРА. Износот на средствата од 3.600 евра за годишната членарина, при што ЕПРА носи одлука за висината на средствата.

Г-дин Петрушевски рече дека во материјалите предлогот е да се прифати информацијата, да во име на Агенцијата се уплатат 3600 евра.

Советот на Агенцијата едногласно ја прифати Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2022 година бр.05-740/2 од 22.02.2022 година.

Секторот за финансии и логистика најдоцна до 07.03.2022 година да ги уплати средствата во висина од 3.600 евра за годишната членарина на Агенцијата за ЕПРА за 2022 година.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга-Одржување на кафемати. Објасни дека кафематите се купени во 2015 година и за кои што е помината гаранцијата. Бидејќи истите се во функција потребно е да се обезбеди нивно редовно одржување и чистење како што е опишано во материјалот. Оваа набавка не е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2022 година, бидејќи станува збор за услуга со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки. Согласно член 40 од Законот за јавни набавки, одредбите од овој Закон важат за оние набавки за чија проценета вредност е од и над 1000 евра. За оваа услуга се предвидени 54.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Г-дин Петрушевски праша дали овие пари се предвидени за период од 1 година?

Раководителката Митревска одговори потврдно и додаде дека дополнително се добиваат и 60 килограми кафе кои се наведени во одлуката, вклучително со услугата за одржување и чистење на кафематите.

Г-дин Петрушевски рече дека доаѓа околу 3.500,00 денари месечно.

Г-дин Трајчев рече дека Советот само гласа за утврдување потреба, а понатаму собирање понуди е работа на Агенцијата и директорот.

Г-дин Петрушевски рече дека се согласува, неговата забелешка е во ред.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата да донесе Одлука за набавка на услугата - Одржување на кафематите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки, во износ од 54.000,00 денари со вклучен ДДВ, за период од една година.

За спроведувањето на услугата - Одржување на кафематите на Агенцијата средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 6**

**Разно**

Г-дин Трајчев потсети дека минатата седница се договориле дека под Точка Разно ќе дискутираат за Заклучокот на Советот за начинот на одржување на седници.

Г-дин Петрушевски рече дека до сега никој од членовите на Советот не се јави со предлог или со меил во врска со овој Заклучок. Состојбата со Ковид пандемијата е се подобра и подобра, и притоа и Комисијата за заразни болести донесе некои одлуки во таа насока. Негов личен став е да бидат храбри и во месец март да почнат со одржување на седници со физичко присуство во просториите на Агенцијата.

Г-дин Трајчевски информира дека од понеделник, 28.02.2022 година сите вработени ќе се вратат со работа од канцеларија, односно нема повеќе да се работи со ротација, една недела од дома една недела со физичко присуство. Согласно препораките на Комисијата за заразни болести и најосетливите категории како бремените жени исто така ќе се вратат на работа. Објасни дека и во Агенцијата има такви вработени. Тоа е во делот на вработените на Агенцијата а за членовите на Советот ќе одлучат самите.

Г-дин Петрушевски рече дека во Заклучокот има клаузула дека доколку нешто драматично се случи има можност за одржување онлајн седница. Но рече лично неговиот став е да почнат во март со физичко присуство. Смета дека е многу побезбедно на седниците со физичко присуство него патувањето со други луѓе во возило, тој лично патува со автобус. Побезбедно е на растојание, тој е за тоа да почнат, да не одложуваат.

Г-дин Фиданоски рече дека и тој ќе се придружи на дискусиите дека треба да се гледаат во живо на седница иако не смета дека и вака не се ефикасни. Но поради тоа што епидемиолошката состојба е генерално подобрена, голем број европски држави ги укинуваат мерките и дека по систем на домино ефект таквите мерки кај нас ќе дојдат за многу скоро време и маските најверојатно ќе бидат тргнати за употреба. Со ова создадени се услови за одржување седници во живо и секогаш стои тој заклучок дека ако има проблем од здравствен аспект заради кворум на Советот да се одржи седница онлајн која итно и неизоставно треба да се одржи, ако моментот е таков да не можат сите да бидат присутни во живо. Од тие причини не гледа пречка од 1 март да почнат во живо. Конкретно тој е „за" и дава поддршка.

Г-дин Петрушевски додаде дека Законот за Советот е построг во однос на кворумот, предлага најмалку 5 члена да бидат присутни, со пишана бројка е не со мнозинство. Сега моментално се ослабени бидејќи недостасува еден член сега се 6 и ако еден член од Советот не е во можност од било кои причини да присуствува, може да издржат но ако не можат да присуствуваат уште еден или двајца тогаш може да биде критично. Тоа ќе го размислуваат за време на летниот период.

Г-дин Трајчев рече поради тоа што двајца членови се изјаснија а треба да се усвои со мнозинство, и гледајќи како Комисијата за заразни болести ги дава препораките, точно е дека во светот се случуваат промени но кај нас тие сè уште ги држат мерките. Идејата му била да се продолжи уште еден месец, но ако не се согласуваат нема да го стави како предлог.

Г-дин Петрушевски му се заблагодари на г-дин Трајчев што го прифаќа ставот на повеќето членови на Советот. Ќе направат напори посебно во летниот период секогаш да има 5 члена на Советот за одржување на седница а доколку бидат 6 тогаш уште подобро. Смета дека ќе успеат.

**Бр. 02-736/6**

**03.03.2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**